20251042313

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 12 став (3) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Макдонија“ бр. 84/08, 77/09, 24/11, 43/14, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 74/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 мај 2025 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАКСИМАЛНИТЕ КОЛИЧИНИ И ВРЕДНОСТИ НА ЗАГУБИТЕ ВО ПОГЛЕД НА ХЕМИСКИТЕ И ФИЗИЧКИТЕ СВОЈСТВА НА СТОКАТА ПРЕКУ КАЛО, РАСТУР, КРШЕЊЕ, РАСИПУВАЊЕ И ЕВАПОРАЦИЈА ВО РАБОТЕЊЕТО СО СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

Член 1

Во Уредбата за начинот за утврдување на максималните количини и вредности на загубите во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација во работењето со стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/10 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 175/21 и 93/22), во членот 3 во ставот 1 бројот „0,2%“ се заменува со бројот „0,5%“.

Ставот 3 се менува и гласи:

„За оризова арпа се признава кало и растур во висина од вкупно 0,6% од просечната чувана количина на оризова арпа од стоковните резерви, за период на чување од една година.“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-3331/5
20 мај 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.